Агенција за промоција и поддршка
на туризмот на Република Македонија
Бр. 09 - 168/3
01. 03. 2018 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА
НА ТУРИЗМОТ

Врз основа на член 2, глава б), точка 11 од Програмата за промоција и поддршка на туризам за 2018 година ("Службен весник" на Република Македонија бр.21/18) и членот 5 од Правилник за поблиски критериуми за доделување на финансиска поддршка на културни, забавни, спортски, гастрономски и еколошки манифестации бр.09-168/1 од 01.03.2018 година, Комисијата за доделување на финансиска поддршка на културни, забавни, спортски, гастрономски и еколошки манифестации формирана со решение бр.09-168/2 од 01.03.2018 година

Објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**

**За доделување на финансиска поддршка на културни, забавни, спортски, гастрономски и еколошки манифестации.**

I

Предмет на Јавниот повик е доделување на финансиски средства во висина од 1.000.000,00 денари од страна на Агенцијата за промоција и поддршка на туризам за поддршка на културни, забавни, спортски, гастрономски и еколошки манифестации, во согласност со Програмата за промоција и поддршка на туризам за 2018 година ("Службен весник" на Република Македонија бр.21/18).

II

Висината на доделените неповратни средства ќе биде во износ од 10.000,00 - 120.000,00 денари, поединечно за секоја манифестација согласно Правилникот за поблиски критериуми за доделување на финансиска поддршка на културни, забавни, спортски, гастрономски и еколошки манифестации.

Максималниот износ на бараните финансиски средства не смее да биде повисок од 30% од вкупните трошоци за реализација на манифестацијата.

III

На јавниот повик право на пријавување имаат сите заинтересирани субјекти, правни и физички лица, владини и невладини организации, кои организираат културни, забавни,

спортски, гастрономски и еколошки манифестации на локално организирани турстички настани.

IV

Во прилог на барањето за доделување на финансиската поддршка ( Прилог 1 од Правилникот) и потребната документација, апликантот треба да ја достави следнава документација:

1. Решение за регистрација ДРД образец (оригинал или копија со печат и потпис на поднесувачот);

2. План и програма за користење на средствата (проект);

3. Потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган;

4. Изјава.

V

Постапката за избор на квалификувани апликанти ја спроведува комисија формирана од страна на Директорот на Агенцијата за промоција и поддршка на туризам, согласно следните критериуми:

| **Критериум** | **бодови** |
|---|---|
| Содржина на програмата | 30 |
| Медиумска експонираност на настаност (број на печатени и ТВ медиуми) | 20 |
| Манифестацијата да има интернационален карактер (број на странски учесници и поголем број на странска посетеност) | 20 |
| Традиција на изведување на манифестацијата | 10 |
| Извори на финансирање на манифестацијата од други органи на државна управа | 10 |
| Сопствен извор на финансирање учество во реализација на манифестацијата | 10 |

VI

Корисникот на доделената финансиска поддршка должен е да поднесе докази (фискални сметки, сметко потврди, фактури, испратници и сл) за наменско користење на средствата, во рок од 30 дена по реализација на манифестацијата.
Во случај манифестацијата да се реализирала пред објавувањето на јавниот повик за тековната година доказите за бараната финансиска поддршка, барателот е должен да ги достави со самото поднесување на барањето.

Доказите се доставуваат по пошта или директно во Архивата на Агенцијата за промоција и поддршка на туризам, но не покасно од предвидениот рок.

Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот го задржува правото за следење на реализација на проектите, како и контрола на наменското трошење на средствата, како

и нивен повраток доколку се утврдат било какви неправилности, согласно Правилникот бр.09-168/1 од 01.03.2018 година.

VII

Барањето за пријавување на Јавниот повик, подносителите можат да го подигнат во Агенцијата за промоција и поддршка на туризам, ул: Дебарца, бр.2 – Скопје, или на веб страната на Агенцијата : www.tourismmacedonia.gov.mk.

Барањата и потребната документација, апликантот треба да ги достави до 20.03.2018 година, по пошта или лично до архивата на Агенцијата за промоција и поддршка на туризам.

Овој Јавен повик важи за сите манифестации кои ќе се реализираат од 01.01.2018 до 31.12.2018 година.

Непотполните и задоцнетите барања, како и барања кои предвидуваат не реални пазарни цени (трошоци) нема да се разгледуваат.